Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**СПЕЦИЈАЛНО ОВОШТАРСТВО II**			
2.	Код	**ФЗНХ 157**			
3.	Студиска програма	Овштарство, лозарство и винарство			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Четврта година 7-ми семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**
8.	Наставник	**Проф.д-р Бојан Поповски**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Претходни општи предзнаења од ботаника, екологија, морфологија, физиологија, размножување на овошните култури, подигнување и одгледување на овошни насади			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Стекнување теоретски и практични знаења за биолошките, помолошките и производно-стопанските својства на јаткастите, јагодестите и суптропские овошни видови и сорти, како и нивни специфичности во производството и одржувањето на насадите.				
11.	**Содржина на предметната програма:** Во предметот Специјално овоштарство 2 се изучуваат јаткастите, јагодестите и суптропские овошни видови и нивни сорти. За некои повеќе познати тропски растенија дадени се општи информативни агро-биолошки карактеристики. Од јаткастите овошни видови се проучуваат: орев, лешник, бадем, костен и ф'сташка. Од јагодестите овошни видови се проучуваат: јагода, малина, капина, рибизла, огрозд, боровинка, аронија, брусница, актинидија, шип, дудинка и гоџи бери. Од суптропските овошни видови избрани се некои видови за кои во јужните делови на нашата земја има добри услови за нивно одгледување: јапонско јаболко, смоква, маслинка, цитруси, кинеска урма, јапонска мушмула и рогач. При нивното изучување опфатени се следните параметри: Историјат, потекло и раширеност на видот или сортата. Производство во Светот и кај нас. Стопанско значење. Ботаничка припадност и помолошка класификација. Позначајни диви видови и форми од кои потекнуваат културните сорти. Еколошки карактеристики (надморска височина, експозиција, климатски и почвени фактори). Морфолошки карактеристики. Физиолошки својства (годишен и животен циклус, бујност, долговечност, раст и развој, фенофази, односи во опрашување и оплодување, родност и принос, афинитет со подлоги, препорачана технологија и системи на одгледување, специфичности во резидба). Отпорност кон неповолни биотички и абиотички фактори и мерки за заштита од нив. Специфичност на видовите и сортите кон примена на соодветни агро и помотехнички мерки. Посебен осврт кон квалитетот на плодовите (органолептички карактеристики, нитрицистички, дието-профилактички и биохемиски својства). Погодност и можности за транспорт, манипулација и чување на плодовите. Оценка и препорака на сортите. Насоки за реонизација и локалитети на одгледување. Воведување на нови сорти од овошните видови и примена на современи помолошки технологии.				
12.	**Методи на учење:** Предавања поддржани со компјутерски и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи, студии на случај, консултации, гостин на предавања, одбрана на проектна задача. Вежбите ќе бидат аудиториски, лабораториски и теренски. Ќе се практикуваат форуми, дискусии, и консултации.				
13.	Вкупен расположлив фонд на време	**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**			
14.	Распределба на расположливото време	**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови

		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), консултации, семинари, тимска работа	**30**	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови
		16.3	Домашно учење	**65**	часови
17.	Начин на оценување				
	17.1	Тестови		**60**	бодови
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**	бодови
	17.3	Активност и учество		**30**	бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	**до 50 бода**	**5**	**(пет) (F)**
		од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест) (E)**
		од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум) (D)**
		од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум) (C)**
		од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет) (B)**
		од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет) (A)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит			
20.	Јазик на кој се изведува наставата	**Македонски**		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	**Анонимна анкета на студентите**		

M Литература

22.1 Задолжителна литература

Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
1.	Bulatović S.	Savremeno voćarstvo	Nolit, Beograd	1992
2.	Димитровски Т.	Специјално овоштарство II, овошки со јаболчести плодови	Универзитет “Кирил и Методиј”, Скопје	1978
3.	Miošević T.	Specijalno voćarstvo	Agronomski fakultet, Čačak	1997
4.	Mišić P.	Nove sorte voćaka	Nolit, Beograd	1989
5.	Mratinić Evica.	Biotehnološke osnove voćarstva	Veselin Masleša, Beograd	2002

22.2 Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Lučić P. Đurić Gordana, Mićić N.	Voćarstvo	Nolit, Beograd	1995
2.	Mišić P. Nikolić M.	Jagodaste voćke	Institut za istraživanja u poljoprivredi Srbija, Beograd	2003
3.	Мратинић Евица	Јагода	Драганић, Београд	2000
4.	Мратинић Евица	Гајење јагоде у заштићеном простору	Драганић, Београд	2007
5.	Paunović S., Mićić P., Stančević A.	Jagodasto voće	Nolit, Beograd	1974